# За My School

MACEDONIAN

Местото на интернет *My School (Моето училиште)* содржи информации и опис на речиси 10.000 австралиски училишта што може да ги пребарувате според местоположбата, областа или името на училиштето. Местото на интернет дава статистички и содржински информации, како и NAPLAN (www.naplan.edu.au) резултати што може да се споредат со статистички сличните училишта ширум цела Австралија.

Информациите ќе бидат објавени на 28 јануари 2010 година.

**Секое училиште ќе има своја страница која ќе вклучува:**

• кус опис на училиштето
• број на ученици
• број на наставници
• степен на присуство
• училишни резултати од повисоките средни училишта
• податоци на училишно ниво за потеклото на учениците
• училишен Показател на вредноста на општествено-образовната предност (Index of Community Socio-Educational Advantage - ICSEA)
• врска до местото на интернет на училиштето и, кога е тоа соодветно, врска до органот надлежен за училиштето
• NAPLAN резултати на училиштето споредени со националниот просек и со просечните резултати на статистички сличните училишта.

**Другите страници ќе ги прикажуваат:**

• процентот на ученици што постигнале позитивни резултати на секој дел од испитите NAPLAN спореден со процентот на ученици во тој дел на национално ниво и во статистички сличните училишта
• резултатите на училиштето во NAPLAN во споредба со резултатите на дури 60 други статистички слични училишта
• список на најмногу 20 училишта што се наоѓаат најблиску до одбраното училиште

***My School* ќе ви овозможи:**

• да добиете кус преглед на училиштето преку примена на национално доследни показатели
• да го споредите учинокот на едно училиште со просечниот учинок на сите училишта во Австралија и во споредба со статистички сличните училишта ширум Австралија
• да побарате училишта во близината на училиштето што е прикажано, со врски до страниците на тоа училиште

• да утврдите кои училишта постигнуваат висок учинок и да дознаете повеќе за нив.